**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**бр. 19-176/1**
**24.01.2025 год.**
**Гевгелија**

# Г О Д И Ш Е Н  И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на ЛМС на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија и именуваниот службеник за млади во делокругот на младите за 2024 година

## I. Вовед:

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, а во врска со насоките во Прирачникот за работа на Локалните младински совети и член 27 од Деловникот за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Локалниот младински совет на Општина Гевгелија е должен да подготви и да поднесе до Советот на Општина Гевгелија Годишен извештај за неговата работа. Годишниот извештај се однесува на реализација на Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија и службеникот за млади во делукрогот на млади за 2024 година, којашто Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата, одржана на 29 јануари 2024 година.

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики, службениците за млади подготвуваат годишни извештаи за работата на институциите во делокругот на младите кои ги поднесуваат до Агенцијата за млади и спорт и ги објавуваат на веб-страниците на органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Во Извештајот, наративно се опишани активностите на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, службеникот за млади во Општина Гевгелија и Општина Гевгелија во врска со младинските политики и обезбедување механизми за младинско учество на локално ниво.

## II. Главен дел:

### II.1. АКТИВНОСТИ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА:

### СЕДНИЦИ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Во текот на 2024 година, Локалниот младинси совет на Општина Гевгелија има одржано 3 седници на коишто расправаше на теми од значење за младите, како и за неговата работа. Записниците од одржаните седници се објавени на веб-страната на Општина Гевгелија.

**Индикатори:**

- број на членови во Локален младински совет на Општина Гевгелија - 5, од кои **3 женски** и **2 машки.**

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ ЗА 2024 И ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЛМС ЗА 2024 ГОДИНА**

Пред одржувањето на 37. седница на Совет на Општина Гевгелија (29 јануари 2024 година), Локалниот младински совет во соработка со службеникот за млади подготвија Извештај за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија за 2023 година и Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија и службеникот за млади во Општина Гевгелија во 2024 година. Коишто беа усвоени на 8. седница на Локалниот младински совет, одржана на 15 јануари 2024 година, во Канцеларијата за млади, со донесен заклучок да се достават до Советот на Општина Гевгелија на усвојување.

**Индикатори:**

- број на членови во Локален младински совет на Општина Гевгелија - 5, од кои **3 женски** и **2 машки.**

**УЧЕСТВО НА МЛАДИНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ОДРЖЛИВА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ЛОКАЛНО НИВО**

Претседателот на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Кристијан Алчинов, на 28 февруари 2024 година, го застапување Локалниот младински совет на Општина Гевгелија учествувајќи на конференцијата „Младински иницијативи за одржлива животна средина на локално ниво“, којашто се одржа во Скопје. Во своето обраќање, Алчинов ги истакна еко-проблеми со коишто се соочува општина Гевгелија, предизвиците на ЛМС на ОГ за унапредување на животната средина, вклучување на младите преку спроведување иницијативи и креирање политики за нејзина заштита и потребата од зајакнување на механизмите на младинското тело за делување во областа на животната средина.

На Конференцијата, учествуваа млади активисти, претставници од граѓански, младински организации и организации за млади, како и претставници на општините, коишто преку развиените дискусии донесоа повеќе заклучоци. Дека е потребно мотивирање, градење на капацитетите преку континуирана менторска поддршка на младите и единиците на локалната самоуправа. Исто така, зајакнување на соработката помеѓу младинските организации, организациите за млади и чадор организациите за вршење притисок кон централните и локалните власти за исполнување на обврските од Законот за младинско учество и младински политики; и младинските организации и организации за млади да се регистрираат во Регистарот на Агенцијата за млади и спорт.

Конференцијата се реализираше во рамки на Проектот „Младински активизам за позелени општини“, поддржан од Европска Унија, којшто го спроведуваат Македонско здружение на млади правници (МЗМП), Здружението за одржлив развој и заштита на животна средина „ГОУ ГРИН“, Центарот за климатски промени и Здружението на млади „Креактив“. Имено, Локалниот младински совет на Општина Гевгелија беше вклучен во Програмата за техничка и менторска поддршка за младинско учество и креирање политики за животна средина на локално ниво.

**Индикатори:**

- број на членови во Локален младински совет на Општина Гевгелија - 5, од кои **3 женски** и **2 машки.**

**ПОДГОТВЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ ЗА ПОЗЕЛЕНИ ОПШТИНИ“**

Во рамки на склучениот Меморандум за соработка помеѓу Локалниот младински совет на Општина Гевгелија и Македонското здружение на млади правници за имплементација на Проектот „Младински активизам за позелени општини“, на 26 февруари членовите на ЛМС преку онлајн-средба со координаторите на Проектот подготвија Акциски план за активности во областа на животната средина и еко-активизам.

Беа договорени консултативни состаноци со ЛМС за теми на работилници согласно потребите на младите во општина Гевгелија, утврдување на потребите на ЛМС за зајакнување на нивните капацитети за заштита на животната средина и работилница за зајакнување на капацитетите на младите во општина Гевгелија и временска рамка за нивна реализација.

**Индикатори:**

- број на членови во Локален младински совет на Општина Гевгелија - 5, од кои **3 женски** и **2 машки.**

**ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ЕВРОПА ВО ГЕВГЕЛИЈА**

На 30 мај 2024 година, во Гевгелија се одбележа Денот на Европа, во организација на Europe House- Струмица, а во соработка со Локалниот младински совет на Општина Гевгелија. По тој повод, на Градскиот плоштад, се одржа Концертот на Интернационалниот детски музички фестивал „Калинка“- Гевгелија. А потоа, младите гевгеличани, како и сите граѓани, имаа можност да се забавуваат со рок-хитовите на: „Конкорд“, „Архангел“, „Леб и Сол“, „Лева Патика“, „Меморија“, „Чоканче“ и „Ареа“, проследувајќи ги настапите на: Дани Димитровска, Ружица Брчиоска, Јасна Димитровска, Сашо Паркет и Наде Талеска придружувани од Камерниот оркестар на Битола „Рок Симфонија“.

**РАБОТНА СРЕДБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЛМС СО ИМПЛЕМЕНТАТОРИ НА ПРОЕКТОТ “YOUR JOB”**

Претседателот на Локален младински совет на Општина Гевгелија, Кристијан Алчинов, на работна средба којашто се одржа на 31 јули 2024 година, во Народниот театар- Гевгелија, од страна на кариерните советници и претставници на Македонски Каритас, Верица Ангеловска и Александар Младеновски, беше запознат со Проектот “YourJob” наменет за млади на возраст од 15 до 35 години што се спроведува во рамки на Регионалната програма во Европа- Програма за млади во Западен Балкан.

Притоа, беа договорени начините за заедничка поддршка на младите и како да се информираат за учество во активностите на Проектот на Македонски Каритас за завршување на професионален курс, прво работно искуство, кариерно советување и можност за самостојно работење. Проектот е финансиран од Реновабис и Каритас Австрија, а мрежата на Каритас го реализира во 6 Општини во Југоисточниот Регион: Гевгелија, Струмица, Василево, Босилово, Ново Село и Богданци.

**ЕДНОДНЕВНА РАБОТИЛНИЦА „КОЖУФСКИ ДИЈАЛОЗИ: МЛАДИНСКА ЕДУКАЦИЈА И ЕКОЛОШКИ ИНИЦИЈАТИВИ”**

На 5 септември 2024 година, во Народниот театар, 17 млади од општина Гевгелија, членови на повеќе форми на младинско здружување, ја проследија Работилницата „Кожуфски дијалози: Младинска едукација и еколошки иницијативи“, во организација на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија

Во рамки на работилницата, им беше претставена едукативната платформа за млади еко-активисти edu.bidizelen.org, на којашто можат да следат онлајн-курсеви на теми од областа на животната средина и климатски промени, како и да добијат правна помош за решавање проблем и да направат промени со вклучувањето во креирање локални политики за животна средина.

Притоа, преку работа во групи и интеракција со обучувачите и службеникот за млади во Општина Гевгелија, разменуваа идеи и креираа еколошки иницијативи врз основа на актуелните еколошки предизвици. Коишто пак, преку развивање конкретни планови за акција ќе бидат застапувани од Локалниот младински совет на Општина Гевгелија. Исто така, младиот Христијан Стојков од Гевгелија, дипломиран машински инженер, ја презентираше својата подготвена Прелиминарна студија на изводливост на систем за споделување и изнајмување велосипед во Гевгелија. Работилницата беше успешно затворена со доделување на сертификати за учество, со што беше оддадено признание за ангажманот и посветеноста на младите.

Еднодневната работилница „Кожуфски дијалози: Младинска едукација и еколошки иницијативи“ се реализираше во рамките на Проектот: „Младински активизам за позелени општини“, финансиски поддржан од Европската Унија, а го спроведуваат од Македонско здружение на млади правници, Go Green - Биди Зелен, Центар за климатски промени и Младинска Асоцијација Креактив Кавадарци.

**Индикатори:**

- Учесници - 17, од кои **9 женски** и **8 машки.**

**ИНФО-СЕСИЈА ЗА МОЖНОСТИТЕ ПРЕКУ ПРОЕКТОТ „YOUR JOB" НА МЛАДИТЕ ОД СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“**

На 13 септември 2024 година, во Угостителската сала на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, младите од СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија имаа можност преку инфо-сесија, врз основа на соработката на Локален младински совет на Општина Гевгелија и Македонски Каритас, да се запознаат со Регионалниот проект: “Your Job Macedonia”. Од страна на кариерните советници, Верица Ангеловска и Александар Младеновски, беа презентирани активностите, во коишто младите можат да се вклучат во Проектот, како: бесплатни обуки, кариерно советување и индивидуална поддршка, односно следење персонализирани обуки за професионални вештини, обуки за активно барање работа, прво работно искуство преку пракса и придружба во поставување сопствена бизнис-идеја и грант шема за поддршка на идеи со висок потенцијал.

**Индикатори:**

- Учесници - 27, од кои **16 женски** и **11 машки.**

**ОТВОРЕН ДЕН ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА МЛАДИ**

Низ многу забава, дружење и предложени иницијативи на младите помина отворениот ден што го организираше Локалниот младински совет на Општина Гевгелија во Локалната канцеларија за млади, во Народниот театар- Гевгелија,на 29

септември 2024 година. Со мотото „Рашири ги хоризонтите и дознај нешто ново“, членовите на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија започнаа со отворените денови во Младинската канцеларија.

Отворениот ден имаше за цел преку кафе-дружење и друштвени игри младите да го унапредат младинското учество и со иницијативи во различни надлежности на Општина Гевгелија да ги зајакнат младинските политики на локално ниво. Коишто, пак, ќе бидат застапувани од Локалниот младински совет на Општина Гевгелија пред Градоначалникот на општина Гевгелија и Советот на Општина Гевгелија.

**ДОСТАВЕНИ ТРИ ИНИЦИЈАТИВИ ДО СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

На 14 октомври 2024 година, Локалниот совет на млади на Општина Гевгелија до Советот на Општина Гевгелија достави 3 иницијативи коишто се однесуваат на потребите на младите. А, коишто произлегоа од Еднодневната работилница „Кожувски дијалози: Младинска едукација и еколошки иницијативи“. Притоа, при изработката на иницијативите, на младите им беше пружена правна менторска поддршка од Македонското здружение на млади правници.

Иницијативите што ги поднесоа младите учесници на Работилницата, се барања: за зголемување на урбаното зеленило во општина Гевгелија поради високите температури и недостатокот на зелени површини и подготовка на Програма за засадување дрвја низ главните улици и тротоари; отворање Младински центар затоа што младите немаат каде да се дружат и заедно да придонесат за развој на заедницата и преземање мерки за намалување на непријатната миризба од фармите со редовна инспекција на таквите објекти.

**ПОТКАСТ СО ПРЕТСЕТДАТЕЛОТ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОГ**

На покана од Радио „Марија Македонија“, претседателот Кристијан Алчинов, беше говорник на поткаст за неговата функција и работата на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија. Поткастот е објавен во јавноста на 5 декември 2024 година, на социјалниот медум на Радио „Марија Македонија“.

**<u>II.2. АКТИВНОСТИ НА СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА:</u>**

**ПОДНЕСЕНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА И СЛУЖБЕНИКОТ ЗА МЛАДИ ВО ДЕЛОКРУГОТ НА МЛАДИТЕ ЗА 2024 ГОДИНА И ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ ЗА 2023 ГОДИНА**

По усвојувањето на Програмата за работа на ЛМС за 2024 година и Извештајот за работа на ЛСМ за 2023 година и заклучокот на ЛМС на ОГ да се достават на усвојување и од страна на Советот на Општина Гевгелија, на 18 јануари 2024 година, службеникот за млади во Општина Гевгелија ги достави двата акта до Одделението за правни работи да бидат ставени како точки на дневен ред на 37. седница на Советот на Општина Гевгелија. На 29 јануари 2024 година, Советот на Општина Гевгелија, на својата 39. седница, ги усвои Извештајот за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија за 2023 година и Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија и службеникот за млади во делокругот на младите за 2024 година.

**ОДГОВОРИ НА БАРАЊА ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ВО ВРСКА СО МЛАДИ**

До службеникот за млади во Општина Гевгелија од страна на офицерот за заштита на лични податоци во Општина Гевгелија се проследени за одговор 2 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во врска со имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики, на коишто одговорил уредно:

- Барање бр. 18-212/1 од 02.02.2024 година (барател: Станиша Станковиќ)
- Барање бр. 18-1211/1 од 25.09.2024 година (барател: Македонско здружение за млади правници);
- Барање бр. 18-1635/1 od 27.12.2024 година (барател: Национален младински совет на Македонија- НМСМ);
- Барање бр. 18-1636/1 od 27.12.2024 година (барател: Национален младински совет на Македонија- НМСМ).

**ОДГОВОРЕН ПРАШАЛНИК ЗА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА МЛАДИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО**

На барање од Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија, бр. 19-218/1 од 5 февруари 2024 година, службеникот за млади во Општина Гевгелија го одговори Прашалникот за социјална инклузија на младите на локално ниво, потребен за истражување во рамки на Проектот „Заедници инклузивни за млади“.

Главна цел на Проектот, којшто го имплементираат РЦОР- Гевгелија, Фондацијата за локален развој на заедницата- Штип, СФЕРА Интернешнл Битола и Youth Empowerment Гостивар, има за цел да се подобри локалното владеење преку зголемена инклузивност и општествено влијание на младите во локалниот демократски живот.

Клучните засегнати страни се младинските граѓански организации, локалните младински совети, единиците на локална самоуправа и граѓаните. Одговорениот прашалник бр. 19-218/2 од 5 март 2024 година беше уредно доставен до РЦОР- Гевгелија.

**ОДГОВОРЕНИ ПРАШАЛНИЦИ ЗА ПОТРЕБИТЕ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ ЗА МЛАДИ**

По барање од Агенцијата за млади и спорт бр. 19-397/1 од 4 март 2024 година, службеникот за млади во Општина Гевгелија и раководителот на Одд. за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт ги одговорија прашалниците наменети за истражување за потребите и предизвиците на службениците за млади.

Кое има за цел да се дизајнира посебна програма за развој на капацитетите на службениците за млади и други засегнати чинители на локално ниво, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, УНДП и УНФПА. Одговорените прашалници, бр. 19-397/2 од 4 март 2024 година, беа уредно доставени до Агенцијата за млади и спорт.

**УЧЕСТВО НА „МЛАДИНСКИ РАЗГОВОРИ 1.0: ИНСПИРАЦИЈА, ДИЈАЛОГ, АКЦИЈА“**

На покана од Национален младински совет бр.19-402/1 од 5 март 2024 година, службеникот за млади во Општина Гевгелија заедно со три млади члена на

Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија учествуваше на настанот „Младински разговори 1.0: Инспирација, дијалог, акција“, којашто се одржа на 12 март 2024 година, во просториите на Студентски културен центар, во Скопје.

Целта на настанот беше запознавање со актуелните промени во полето на националните младински политики, новите механизми, како и заложбите на сите релевантни чинители во нашата земја за подобрување на младите и службениците за млади да ги чујат препораките на младите во различни области за да се интегрираат нивните гласови и перспективи во креирањето на младинските политики и програми на Општината преку работа во групи и симулација на ЕУ младински дијалог. Настанот се организираше во соработка со Националната агенција за европски орбазовни програми и мобилност.

Учесници од Гевгелија: 4 – **Ж: 2 М: 2**

**КООРДИНАТИВЕН СОСТАНОК ЗА МЛАДИНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ – ReLOaD 2**

На 12 март 2024 година, во Гевгелија, службеникот за млади оствари работна координативна средба со претставници на УНДП и организации коишто работат со млади за организирање Работилница за младински иницијативи, во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2.

**РАБОТИЛНИЦА ЗА МЛАДИНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ И ИДЕИ**

На 28 март 2024 година, во Народниот театар- Гевгелија, службеникот за млади органзираше Работилница за предлагање младински иницијативи и идеи, на која учествуваа 26 млади членови на организации од Гевгелија: РЦОР, ЗГ „Од станица до граница“, „Гевгелија Точак клуб“, Средношколска заедница на СОУ „Ј. Јосифовски“- Гевгелија, ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија, Локален младински совет и Локално собрание на млади на Општина Гевгелија.

Во присуство на претставници на општинската администрација и УНДП, младите предложија 6 идеи кои вклучуваат волонтерски активности од областа на младинското учество, животната средина и инклузивност, од кои една до две избрани од УНДП за финансиска поддршка во висина од 5.000 амер. долари преку РЕЛОАД 2 Програмата.

Присутни: 32 **Ж: 12 М: 20**

**ОБУКА ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ НА СЛУЖБЕНИЦИ ЗА МЛАДИ ЗА МЛАДИНСКИ ПОЛИТКИ И МЛАДИНСКО УЧЕСТВО**

На покана од Агенција за млади и спорт, службеникот за млади ја претставуваше Општина Гевгелија на тридневната Обука за службеници за млади за младински политики и младинско учество, којашто се одржа во периодот од 16 до 18 април 2024 година, во хотел „Сириус“- Струмица.

Фокусот на обуката беше зголемување на знаењата за младинското учество и младинските политики на локално, национално и европско ниво, актуелните младински трендови и предизвици, ефективна комуникација со младите и младинскиот граѓански сектор и улогата на службениците за млади во спроведувањето младински политики. Обуката беше можност за иницирање идна соработка и вмрежување на службениците за млади од повеќето општини во државата, како и со Агенцијата за млади и спорт.

Службеникот за млади во Општина Гевгелија активно учествуваше во извршувањето на задачите и вежбите на обуката и имаше можност да ги сподели искуството и предизвиците на Општина Гевгелија во имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики којашто веќе го има формирано Локалниот младински совет.Обуката беше во организација на АМС, а во тесна соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, УНДП И УНФПА.

**ПОДДРШКА НА МЛАДИНСКОТО УЧЕСТВО ВО РАЗВИВАЊЕ ЕФЕКТИВНИ МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ И НОСЕЊЕ ОДЛУКИ**

На 17 април 2024 година, во хотел „Сириус“- Струмица, службеникот за млади во Општина Гевгелија учествуваше на координативниот состанок помеѓу

претставниците на Агенција за млади и спорт и службениците за млади за реализација на Проектот: „Поддршка на младинското учество во животната средина и климатските промени“.

Поради продолжување на Проектот во нови 6 општини, исто така, поддржан од УНИЦЕФ, службеникот за млади ги сподели позитивните искуства на Општина Гевгелија и улогата на службеникот за млади во реализацијата на Проектот, во којшто локалната самоуправа беше вклучена во првите три општини, заедно со Велес и Берово.

**РАБОТИЛНИЦА „КОЖУФСКИ ДИЈАЛОЗИ: МЛАДИНСКА ЕДУКАЦИЈА И ЕКОЛОШКИ ИНИЦИЈАТИВИ“**

Во организација на службеникот за млади во Општина Гевгелија, на 5 септември 2024 година, во Народниот театар- Гевгелија, 17 млади од општина Гевгелија, членови на повеќе форми на младинско здружување, ја проследија Работилницата „Кожуфски дијалози: Младинска едукација и еколошки иницијативи“. Во рамки на работилницата, им беше претставена едукативната платформа за млади еко-активисти edu.bidizelen.org, на којашто можат да следат онлајн-курсеви на теми од областа на животната средина и климатски промени, како и да добијат правна помош за решавање проблем и да направат промени со вклучувањето во креирање локални политики за животна средина.

Притоа, преку работа во групи и интеракција со обучувачите и службеникот за млади во Општина Гевгелија, разменуваа идеи и креираа еколошки иницијативи врз основа на актуелните еколошки предизвици. Коишто пак, преку развивање конкретни планови за акција ќе бидат застапувани од Локалниот младински совет на Општина Гевгелија.

Исто така, младиот Христијан Стојков од Гевгелија, дипломиран машински инженер, ја презентираше својата подготвена Прелиминарна студија на изводливост на систем за споделување и изнајмување велосипед во Гевгелија.

Еднодневната работилница „Кожуфски дијалози: Младинска едукација и еколошки иницијативи“ се реализираше во рамките на Проектот: „Младински активизам за позелени општини“, финансиски поддржан од Европската Унија, а го спроведуваат од Македонско здружение на млади правници, Go Green - Биди Зелен, Центар за климатски промени и Младинска Асоцијација Креактив Кавадарци, во којшто беше вклучен Локалниот младински совет на Општина Гевгелија.

Присутни: 18 – **Ж:** 11 **М: 7**

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОБЈАВЕН ПОВИК И НАСТАН ЗА МЛАДИ И МЛАДИ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ – ПРОГРАМА RISE**

На 10 септември 2024 година, на меилот на службеникот за млади во Општина Гевгелија пристигна електронска порака од Марјан Ицоски, претставник од Здружението за социјални иновации „АРНО“ во врска новиот објавен повик за млади и млади претставници на граѓански организации (16-35 год.) со иновативни идеи за

социјални и еколошки одговорни бизниси, со барање за споделување на информациите со контакти и мрежи. За таа цел, службеникот за млади повикот и поканата за настанот за презентација на новиот RISE – повик им го сподели на членовите на ЛМС на ОГ и на ограницазии за млади.

**БАРАЊЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ МЛАДИНСКИ НАСТАН ВО СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“- ГЕВГЕЛИЈА – ИНФО-СЕСИЈА ЗА ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ “JOUR JOB”**

Службеникот за млади во Општина Гевгелија, на 11.09.2024 година, испрати барање до СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија бр. 19-1112/1 за одржување на младински настан – инфо-сесија за претставување на Проектот “Your job” на Македонски каритас на младите од СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија.

Проектот е наменет за млади на возраст од 15 до 35 години и се спроведува во рамки на Регионалната програма во Европа- Програма за млади во Западен Балкан.

**ЗАВРШНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ЗАЈАКНАТИ МЛАДИ И МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ- ЗАЕДНИЧКИ ВО АКЦИЈА ЗА ПОЗЕЛЕНИ ОПШТИНИ“**

На покана од Македонското здружението на млади правници, службеникот за млади во Општина Гевгелија беше вклучен во панел-дискусијата на тема: „Важноста од младинското учество поврзано со заштита на животната средина на локално ниво- остварена соработка и обезбедена поддршка насочена кон млади активисти и младински организации и организации за млади“ во рамки на Завршната конференција „Зајакнати млади и младински организации- заеднички во акција за позелени општини“, којашто се одржа на 18 септември 2024 година, во хотел „Холидеј Ин“- Скопје.

Излагањето на службеникот на млади во Општина Гевгелија беше во насока на остварената позитивна соработка помеѓу Општина Гевгелија, Локалниот младински совет и младите (учеството на младите во донесувањето одлуки на локално ниво во заштитата на животната средина преку вклучувањето во Проектите на АМС и Македонското здружение на млади правници за поднесување иницијативи, како и вклучувањето на младите во изработката на Интегрален развоен локален план на Општина Гевгелија), потенцирајќи ја потребата од континуирана поддршка и законски измени за олеснување на младинското учество.

**ОНЛАЈН-ИНТЕРВЈУ СО СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА АКЦИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ „ОД РАЗЛИЧНОСТ ДО ПРАВЕДНОСТ- ЕДНАКВИ ВО ПРАВОТО ЗА ЗДРАВА И ОДРЖЛИВА СРЕДИНА ЗА СИТЕ“**

На барање од CIVICA MOBILITAS бр. 19-1199/1 od 24.09.2024 година, службеникот за млади одговори онлајн-интервју бр. 19-1199/2 од 25.09.2024 година коешто ќе послужи за акциското истражување „Од различност до праведност- еднакви

во правото за здрава и одржлива животна средина за сите“. Во рамки на Проектот: „Заеднички за зелено застапување за зажтита на животната средина“, интервјуата како една од проектните активности се со цел за да се добие формирана квалитетна оцена за моменталните полити и активности поврзани со младите и животната средина и клииматските промени, комуникациски и општествени модели за охрабрување и зајакнување на младите за активно вклучување во заштита на животната средина и отпорност на климатските промени.

Проектот е финансиран од Владата на Швајцарија преку Цивика Мобилитас, а го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка, НИРАС од Данска, ФЦК од Шведска во партнерство со Центар за младински активизам КРИК, Здружението на социјални работници на Македонија и Центар за социјални иницијативи НАДЕЖ- Скопје.

**ОНЛАЈН-СРЕДБА НА EUIP/EUIS СО СИТЕ EUROPE HOUSE**

Службеникот за млади во Општина Гевгелија, врз основа на поканата за учество на онлајн-средба EUIP/EUIS со сите Europe House во државата бр. 19-1208/1 од 25.09.2024 година и барањето за известување за промена на статус од Општина Гевгелија, е номиниран за EUIP (инфо-точка) со допис бр. 19-1208/2 од 25.09.2024 година.

На 26 септември 2024 година, на платформата Zoom, со почеток од 12:00 часот, се одржа состанокот, на којшто службеникот за млади во Општина Гевгелија во функција на ново лице – инфо-точка имаше можност да се запознае со координаторите на EU House во државата и конкретните активности коишто ги спроведуваат петте центри во државата, како и со можностите за проширување на соработката од интерес на младите.

**ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

На 7 октомври 2024 година, службеникот за млади во Општина Гевгелија го подготви и објави Јавниот повик за членство во Локалното собрание на млади во Општина Гевгелија, поради истекот на мандатите на членовите во првиот состав на Собранието. Повикот беше објавен на веб-страната на Општина Гевгелија, Фејсбук-страницата на Општина Гевгелија, огласната табла на Општина Гевгелија и Дневниот билтен на Општина Гевгелија.

Повикот важеше 15 работни дена. Исто така, во електронска форма Повикот со подготвениот формулар беше испратен на меил на сите НВО-здруженија и различни форми на младинско здружување за номинација на нови или реизбор на нивни претставници за членство во ЛСМ на ОГ. За разгледување на пријавите, службеникот за млади подготви Решение за формирање Верификациона комисија од редот на вработените во општинската администрација, а именувани од Градоначалникот на Општина Гевгелија.

**РАБОТНА СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА ПРОЕКТОТ “YOUR JOB”**

На 17 октомври 2024 година, во Салата за состаноци во Општина Гевгелија, службеникот за млади оствари работна средба со Верица Ангеловска и Александар Младеновски, претставници на Македонски Каритас и имплементатори на Проектот “Your Job”.

Во врска со општата цел на Регионалниот проект, којшто е финансиран од Реновабис и Каритас Австрија, а се реализира во 6 општини од Југоисточниот Регион на Македонија, за поддршка на младите при вработување и давање можност за зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот, службеникот за млади сподели податоци, односно контакт-информации за Здруженија на граѓани, чиишто активности се насочени кон млади, како и листа на регистирани фирми и компании во Гевгелија, за поголема промоција на Проектот во општина Гевгелија. Притоа, службеникот за млади ги информираше за неговата работа и работата на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, согласно Законот за младинско учество и младински политики.

Исто така, на средбата стана збор и за склучување Меморандум за соработка помеѓу Општина Гевгелија и Македонски Каритас, со цел младите од Гевгелија да ги користат бенефитите од Проектот, односно бесплатно следење обуки за активно барање работа, тренинзи за зајакнување на вештини, обуки за професионални вештини, платена пракса и поддршка во поставување бизнис-идеја и грант шема за идеи со висок потенцијал.

**СЕДНИЦА НА ВЕРИФИКАЦИОНА КОМИСИЈА ЗА МАНДАТИ НА ЧЛЕНОВИ НА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ**

Како претседател на Вефикационата комисија, службеникот за млади во Општина Гевгелија свика седница со  за разгледување на поднесените апликации на Повикот за членство во Локално собрание на млади (Покана бр. 19-1316/1 од 24.11.2024 година) , којашто се одржа на 25 октомври 2024 година, во просториите на Општина Гевгелија. Комисијата констатирајќи дека потребната документација доставена од организациите е уредна и доставена во утврдениот рок, Верификационата комисија ги разреши старите и го потврди мандатот на новите 16 члена: 8 делегати и 8 заменик-делегати во Локалното младинско собрание.

За што, службеникот за млади подготви Решенија за констатирање престанок на мандати (бр. 19-1316/2) и за верификација на мандати (бр. 19-1316/3), како и Записник од спроведен Јавен повик за членство во Локално собрание на млади на Општина Гевгелија (бр. 19-1316/4), сите од 25.10.2025 година, ги испрати по меил на старите и новите членови, а документите ги објави на веб-страната на Општина Гевгелија.

**ПРОМОТИВЕН ШТАНД НА ПРОЕКТОТ “YOUR JOB”**

На 10 ноември 2024 година, на Градскиот плоштад во Гевгелија, за време на одржување на Атлетската трка “November run”, службеникот за млади во Општина Гевгелија беше дел од промотивниот штанд на Проектот “Your job”, заедно со кариерните советници Верица Ангеловска и Александар Младеновски. Службеникот за млади ги презеде сите потребни административни процедури за поставување на штандот, со цел поголема запознаеност на младите во Општина Гевгелија со Проектот “YourJob” што го реализира на Македонски Каритас и искористување на можностите за кариерно советување, платена обука, платена пракса и доделување на грант за реализирање на сопствен бизнис.

**ОДГОВОР НА ПРАШАЛНИК ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПУБЛИКАЦИЈА „ИНДЕКС ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ВО РСМ ЗА 2023 ГОДИНА“**

На барање од Младински сојуз- Крушево/ Youth Alliance- Krusevo со допис бр. 19-1397/1 од 08.11.2024 година, заради потребите на истражувањето во рамки на изработка на публикација „Индекс за младинско учество во Република Северна Македонија за 2023 година“, службеникот за млади во Општина Гевгелија достави одговори на поставените прашања со допис бр. 19-1397/2 од 14.11.2024 година, коишто се однесуваа на имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики. Како и претходните години, оваа публикација ја изработува Младински сојуз - Крушево, во соработка со Фондот за население на Обединетите нации – УНФПА.

**ПОДГОТОВКА НА МАТЕРИЈАЛИ ЗА СВИКУВАЊЕ И УЧЕСТВО НА ПРВАТА СЕДНИЦА НА НОВОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ**

За одржување на првата седница на Локалното собрание на млади,службеникот за млади во Општина Гевгелија подготви покана (бр. 19-1444/1 од 22.11.2024 година) со дневен ред за избор на претседател на ЛМС и материјали за работа за донесување Деловник за работа, избор на тричлена Комисија за следење на изборот на нови членови на Локален младински совет и Одлука за распишување Јавен повик за членство во ЛМС на ОГ.

Седницата се одржа на 26 ноември 2024 година, на којашто присуствуваше и службеникот за млади во Општина Гевгелија и ја координираше работата на ЛСМ на првата своја седница.

**ОБЈАВЕН ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ**

По донесената одлука на Локалното собрание на млади, службеникот за млади во Општина Гевгелија го објави на официјалната веб-страна и социјалниот медиум на Општина Гевгелија Јавниот повик за членство во Локален младински совет бр. 19-1459/1 од 27.11.2024 година. Повикот важеше 15 работни дена. Исто така, во електронска форма Повикот со подготвениот формулар беше испратен на меил на сите НВО-здруженија и различни форми на младинско здружување за номинација на нови или реизбор на нивни претставници за членство во Локалниот младински совет на Општина Гевгелија.

**РАБОТНА СРЕДБА НА СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ СО АРТИВИЗАМ КЛУБОТ**

На покана од Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија, службеникот за млади во Општина Гевгелија, на 3 декември 2024 година, имаше средба со членовите на Артивизам Клубот за младински активизам при МОФ Центарот, запознавајќи ги со неговата функција и работни задачи. Исто така, им помогна со идеи за реализација на иницијативи преку коишто можат да ги застапуваат потребите на младите во соработка со Локалното собрание на млади и Локалниот младински совет пред Градоначалникот и Советот на Општина Гевгелија.

Програмата на Младнски образовен форум има за цел да го намали јазот во комуникацијата помеѓу младите и институциите и да го подобри младинското организирање преку интеграција на младите.

Програмата е со приоритет за спознавање, почитување и промовирање на толеранција меѓу младите, како и зголемување на нивното учество и влијание во процесот на донесување одлуки на локално и национално ниво преку спроведување и учество во активности како: организирање настани, креативни акции, работилници, изложби и перформанси.

**ИНТЕРВЈУ И ПОТКАСТ СО СЛУЖБЕНИКОТ ЗА МЛАДИ**

На покана од Медиумскиот клуб „Јоска“ при СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, службеникот за млади во Општина Гевгелија, на 30 декември 2024 година, во хотел „Аполонија“ беше говорник на поткаст на тема: „Младинското учество и младинските политики“ во Општина Гевгелија. Поткастот имаше за цел да ги информира младите за нивните права коишто произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики, да се запознаат со работните задачи на службеникот за млади и работата на Локалното младинско собрание и Локалниот младински советкако. Исто така, со службеникот за млади беше спроведено и интервју на истата тема, а заедно со поткастот се објавени на веб-сајтот и социјалните медиуми на Клубот „Јоска“.

## II.3. АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА:

**ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА УЧИЛИШНА ЕКСКУРЗИЈА НА УЧЕНИЦИ ОД ТРЕТА ГОДИНА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Во 2024 година, согласно Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита, Општината обезбеди финансиска помош во висина од 59.670 денари за три ученика во трета година во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, кои потекнуваат од социјално-ранливи семејства, за училишна екскурзија. Од страна на Училиштето беше доставен список на ученици, а исплатата се реализираше во март 2024 година.

**ПОКРИВАЊЕ ТРОШОЦИ НА МАТУРАНТИТЕ ЗА МАТУРСКАТА ПРОСЛАВА**

На 30 мај 2024 година, Советот на Општина Гевгелија донесе Одлука од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година да бидат издвоени 350.000 денари на Матурскиот одбор за покривање на трошоците за матурската прослава. Вкупниот број на матуранти за учебнаата 2023/24 година изнесуваше 153 ученика од 4. и 3. година во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, од кои 77 женски и 76 машки. Средствата се исплатени по одржувањето на матурската прослава.

**ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ**

Општина Гевгелија во 2024 година, преку Програмата за финансирање на спортските активности даде поддршка на 3 млади спортисти- Слободанка Лозановска Тина Сламкова и Тодор Анчев, од кои двете се тенисерки и едниот атлетичар. Исто така, беа поддржани и правни лица – различни форми на младинско организирање како: УСК „Владо Кантарџиев“- Гевгелија, УСК „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, Општински сојуз на училишен спорт, ФК „Кожув“, КК „Кожуф“, КК „Гевгелија“, ЖРК Гевгелија, РК „Партизан“, Тениски клуб „Круна“, ЗГ Атлетски клуб „7 Ноември“, Клуб за мал фудбал „Проект“, Шаховски клуб „7 Ноември“, КМФ „Млади“- Миравци и ЗГ „Точак клуб Гевгелија“.

**ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА МЛАДИНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ ВО РАМКИ НА RELOAD 2 ПРОГРАМАТА**

Во рамки на ReLOaD2 Програмата за млади, во којашто беше вклучена Општина

Гевгелија, се реализираа две младински иницијативи во двете основни училишта во Гевгелија, финансиски поддржани од УНДП и Општина Гевгелија.

Имено, во ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија, Регионалниот центар за одржлив развој го имплементираше Проектот: „Уметност за едукација и пријателство“. Вкупната вредност е 135.500 денари, од кои 28.455 денари се сопствено учество на Општина Гевгелија. Проектните активности се однесуваа на организирање две работилници за учениците за идејни решенија на муралите на тема „Пријателство“, кои техники ќе се употребат, одредување локација каде ќе се црта муралот и материјали кои ќе бидат потребни за негово цртање, како и подготовка. Муралот ќе биде поставен на северната страна на ѕидот од Училиштето.

Целите на Проектот беа: да се поттикнат креативноста и соработката меѓу учениците, да се зајакнат капацитетите и вештините на младите за креативно изразување, да се развие моторика кај младите, да се промовира инклузивност преку заеднички активности на учениците и применува волонтерството, а со тоа и да се уреди Училиштето со уметнички цртежи. Времетраењето на Проектот беше 3 месеци, од септември до ноември 2024 год.

Додека, во ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија, Здружението на граѓани „ЕКО ЛАЈФ“ од Гевгелија го имплементираше Проектот: „Изработка на сензорни реквизити за училишно сензорно игралиште“. Вкупната вредност е 148.630 денари, од коишто 31.212 денари се сопствено учество на Општина Гевгелија. Проектот опфати повеќе активности за изработка на сензорни реквизити: подготвителни активности за дизајн и изработка на звучен ѕид и едукативен панел, коишто вклучуваа обработка на дрвен материјал, фарбање и боење, монтажа на дрвените реквизити, боење на бетонска патека и ѕид, боење на железна ограда во училишниот двор и тактилен мурал изработен во мозаик-техника со употреба на предмети од различни материјали.

Целите на Проектот беа: да се подигне свеста кај младите за значењето на доброволната активности, вклучувајќи се и помагајќи во уредување на сензорното игралиште што ќе им овозможи на децата поуспешно сензорно спознавање низ игра и забава, истовремено оплеменувајќи го просторот со многу боја, различни форми и текстури и визуелни симболи, создавање уникатно и функционално сензорно игралиште што ќе биде пример за локалната заедница, успешна соработка, споделена одговорност и тимска работа на младите волонтери што се гледаат како дел од заедницата и учество во уредувањето на игралиштето, учење за градежни материјали, безбедност, дизајн и други аспекти, што ќе им помогне на волонтерите во личниот и професионален развој. Времетраењето на Проектот беше 3 месеци, од септември до ноември 2024 година.

**СТИПЕНДИИ ЗА СТУДЕНТИТЕ ЗАПИШАНИ НА МЕДИЦИНСКИТЕ, МАШИНСКИТЕ И ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИТЕ ФАКУЛТЕТИ**

На 30 октомври 2024 година, Советот на Општина Гевгелија на својата 49. седница, донесе Одлука и во академската 2024/2025 година, Општина Гевгелија да додели уште 5 стипендии на студенти од општина Гевгелија запишани во прва година на Медицинските факултети во државата- отсек Општа медицина.
За таа цел, формираната Комисија за образование, култура и спорт при Советот на Општина Гевгелија на 18 ноември распиша Јавен конкурс, а доставените пријави се разгледуваа согласно Правилник за услови, критериуми и правила за доделување стипендии. Висината на стипендиите изнесува 6.000 денари месечно, за 10 месеци во академската година. Средствата за стипендиите се обезбедени од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, а се исплаќаат врз основа на склучен договор.

Почнувајќи од 2019 година, Општина Гевгелија дава стипендии на 21 студент, запишани на Медицинските факултети (М- 2,  Ж- 15) и на Машинските факултети (М- 2) и Електротехничките факултети (М- 2) во државата. Висината на стипендијата изнесува 6.000 денари месечно, за 10 месеци.

* Годишниот извештај за работата на ЛМС на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија и именуваниот службеник за млади во делокругот на младите за 2024 година е усвоен од Советот на Општина Гевгелија со Заклучок бр. 09-316/1 од 26.02.2025 г., објавен во „Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 04/25 г.